Трговско друштво за вработување на инвалидни лица заштитно друштво за производство, трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ
бр. 0802-173/22
30.11.2022 год.
Кочани

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 05-476/8
25.11.2022 год./viti
СКОПЈЕ- SHKUP

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на канцелариска опрема

Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)

1. **Оперативно-техничката агенција Скопје**, со седиште на ул. „Орце Николов" број 48, поштенски факс 236, 1000 Скопје, ЕДБ: МК 4080018576757, ЕМБС: 7309279, претставувана од директорот Зоран Ангеловски (во понатамошниот текст: Договорен орган) и
2. **Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство, трговија и услуги Филаделфија ДООЕЛ, Кочани** со седиште на ул. „ Д-р Николич" бр.1 ,Кочани ЕДБ: 4013992100094, ЕМБС: 4551931 претставувано од управителот Горанчо Стојановски (во понатамошниот текст: Носител на набавката).

Договорниот орган и Носителот на набавката во понатамошниот текст на договорот заедно нарекувани: „Договорни страни" или „Страни".

**КАДЕ ШТО:**

- Договорниот орган спроведе постапка за набавка на канцелариска опрема со примена на набавка од мала вредност, согласно со Тендерската документација со арх.бр. 05-476/2 од 29.09.2022 година.
- Носителот на набавката преку ЕСЈН достави Понуда за Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер) 08.10.2022 година во 23:39 часот.
- За Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер) не се спроведе е-аукција од причини што понудата на носителот на набавката од 08.10.2022 година во 23:39 часот беше единствена понуда.
- Договорниот орган донесе Одлука за избор на најповолна понуда број 05-476/6 од 13.10.2022 година, со која се избира како најповолна понудата на носителот на набавката за Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)
- Следствено на наведеното, договорниот орган и носителот на набавката го склучуваат овој договор.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е набавка и испорака на Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер) согласно описот во техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација со арх.бр. 05-476/2 од 29.09.2022 година, со примена на набавка од мала вредност со објавување на оглас број 16385/2022, во сè според прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган доставена преку ЕСЈН на ден 08.10.2022 година во 23:39 часот.

(2) Предметот на договорот за јавна набавка опфаќа набавка и испорака на следниве стоки:
- Дел 2: Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

(1) Единечната цена за секоја поединечна ставка предметот на набавката е фиксна и непроменлива со вкалкулирани трошоци што ги има носителот на набавката до негова испорака на локацијата посочена од договорниот орган согласно со прифатената понуда на носителот на набавката од 08.10.2022 година во 23:39 часот, а која е составен дел на овој договор и тоа:

(2) Прилог бр.1: Листа на цени за Дел 2: Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)
Вкупната вредност на договорот за набавка на Дел 2- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер), согласно описот во техничката спецификација и поднесената понуда преку ЕСЈН на ден 08.10.2022 година во 23:39 часот, изнесува 32.000,00 денари без пресметан ДДВ, ДДВ во износ од 5.760,00 денари, односно вкупна цена со пресметан ДДВ во износ од 37.760,00денари.

(3) Договорниот орган не е обврзан да го искористи целиот износ на максималната вредност на договорот

## III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

**Член 3**

(1) Носителот на набавката е должен набавката да ја извршува согласно барањата наведени во техничката спецификација.

(2) Носителот на набавката се обврзува да врши испорака на предметот на набавката врз основа на писмено барање, потпишано од директорот на договорниот орган, испратено по пошта на официјалната адреса и скенирано по пат на e-mail адреса на лицата назначени како контакти за реализација на договорот наведени во Прилог бр.2.

(3) Носителот на набавката е должен предметот на набавка да го испорачува во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од денот на приемот на писмено барање (нарачка) од договорниот орган за потребата од испорака на соодветната стока во кое ќе се наведе точната количина.

(4) Носителот на набавката ќе го испорача предметот на набавата на точната локација утврдена од страна на договорниот орган.

**Член 4**

(1) За испорачаната стока од членот 1 на овој Договор, претставниците на двете договорни страни ќе потпишат записник за примопредавање, со кој договорниот орган потврдува дека е извршен квантитативен прием на предметот на договорот заедно со сета потребна техничка документација и гаранциски листови која задолжително треба да биде составен дел на фактурата.

(2) Договорниот орган го потврдува квантитативниот прием на предметот на договорот во присуство на претставник на носителот на набавката со потпишување на записник за примопредавање, со што е извршено нејзино квантитативно примопредавање и не претставува прием и потврда на квалитетот на предметот на набавката.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

(1) Носителот на набавката ќе издаде фактура за плаќање по извршување/испораката кое е предмет на плаќање.

(2) Носителот на набавката ќе го врши фактурирањето на надоместоците во денарска противвредност, според средниот курс на Еврото на НБРМ на денот на фактурирањето.

(3) Секоја фактура, освен законските задолжителни елементи ќе ги содржи и:
-бројот и датумот на овој договор,
-опис на стоката/предметот кој е предмет на плаќање и единечни и вкупни цени согласно со листатата на цени кои се прилог на договорот
-данокот на додадена вредност кој ќе биде одделно пресметан и прикажан на фактурите согласно важечките законски прописи.

(4) Во прилог на фактурата задолжително се доставува целокупната документација врз основа на која е извршена/испораката на предметот на договорот, како доказ дека предметот на овој договор е во целост испорачан согласно со техничките спецификации и тендерската документација поточно:

писменото Барање (Нарачка) од Договорниот орган за извршување/ испорака односно доставување на предметото на набавката

- примерок од записникот за примопредавање на предметот на набавката.

(5) Во случај кога износите во фактурата отстапуваат од одобрената цени согласно овој Договор или во случај да недостасува некој од елементите од ставот 3 и ставот 4 на овој член, Договорниот орган има право да ја/ги врати фактурата/фактурите на ревизија и исправка. Носителот на набавката нема право да наплати камата како резултат на доцнење кое што произлегува од оваа причина.

(6) Во случај на промена на банкарската сметка, Носителот на набавката е должен да го извести Договорниот орган во писмена форма за податоците од новата сметка и банката депонент. Договониот орган нема да сноси одговорност за задоцнето плаќање поради погрешно наведена или изменета банкарска сметка за која Договониот орган не е навремено и соодветно известен.

(7) Носителот на набавката, фактурата, поткрепена со примероци од пропратната документација од овој член, ја доставува до Централната писарница на договорниот орган на следната адреса: Оперативно-техничка агенција, ул. „Орце Николов" бр.48, 1000 Скопје.

(8) Договорниот орган ќе изврши плаќање на фактурата за извршената работа во рок од 30 (триесет) дена од приемот на фактурата во неговата архива. Во случај на доцнење со плаќање, Носителот на набавката има право да пресмета законска камата согласно со Законот за облигационите односи (ЗОО).

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

(1) Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничката спецификација.

(2) Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно понудата, тендерската документација, упатствата и роковите доставени од страна на договорниот орган.

(3) Носителот на набавката е должен во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметната набавката.

### Член 7

Носителот на набавката се обврзува:

- да го испорача предметот на договорот, одговорно, квалитетно и навремено во сè според одредбите од овој договор,
- предметот што ќе го испорача да биде од согласно техничките карактеристики од понудата на носителот на набавката која е составен дел на договорот,
- сервисирањето и одржувањето на предметот на договорот, да го врши во рамките на гарантниот рок, од денот на извршената испорака кај договорниот орган и тоа на повик и по укажана потреба од страна на договорниот орган,
- сите евентуални дефекти на предметот на договорот во гарантниот период да ги отстрани без надоместок на локацијата на корисникот доколку за тоа има потреба и тоа во рок од најмногу 15 (петнаесет) дена, од денот на укажувањето од страна на договорниот орган,
- во случај на дефект на предметот на договорот во гарантниот период доколку во рок од најмногу 15 (петнаесет) дена не го отстрани дефектот, носителот на набавката се обврзува да испорача ист таков вид на стока на договорниот орган и
- Носителот на набавката е должен да предметнатана набавката да ја извршува сукцесивно согласно потребите на договорниот орган, а по претходна достава на писмено барање, одобрено од страна на Договорниот орган.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 8**

(1) Договорниот орган е должен да определи лице кое ќе биде задолжено за квантитативен прием на предметот на набавката и за тоа писмено да го извести носителот на набавката.

(2) Договорниот орган е должен да изврши рекламација на стоката или на делови од неа доколку не ги задоволуваат наведените карактеристики и утврдениот квалитет и за истото писмено да го извести носителот на набавката.

(3) Договорниот орган се обврзува дека ќе го изврши плаќањето за извршената услуга согласно одредбите од овој договор.

## VII.ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 9**

(1) Материјалниот недостаток постои ако материјалите ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба и/или ги немаат својствата утврдени со тендерската документација.

(2) Носителот на набавката се обврзува да изврши испорака на стоки со предвидените карактеристики согласно техничката спецификација

(3) Носителот на набавката одговара за недостатоците на квалитетот на испорачените стоки.

**Член 10**

(1) Договорниот орган има право извршените испораки да ги провери за да утврди дали постојат недостатоци со право на рекламација во рок од 8 дена и доколку по приемот на стоките се покаже дека истите имаат недостаток, договорниот орган е должен за тој недостаток веднаш да го изести носителот на набавката за да го отстрани недостатокот во утврдени рокови.

(2) Доколку проверката се изврши во присуство на двете страни Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш.

(3) Договорниот орган кој навремено и уредно го известил носителот на набавката за недостатокот може:

- Да бара да го отстрани недостатокот веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на известувањето или
- Да бара испорака на нов предмет доколку носителот на набавката не може да го отстрани недостатокот.

## VIII. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**Член 11**

Договорните страни се согласни дека доколку носителот на набавката не ги изврши обврските во рок и на начин утврден со овој договор, покрај правото на договорна казна и правото да го раскине договорот има право и да бара надомест на претрпената реална штета, поради тоа што бил лишен од користење на стоките од моментот на известувањето за отстранување на недостатокот до остранување на недостатокот ако носителот на набавката при отстранувањето го пречекори утврдениот рок.

## IX. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 12**

(1) Во случај на доцнење со извршување на предметот на набавката, непочитување на обврската за извршување на предметот на набавката или за ненавремено, непрофесионално извршување на предметот на набавката, Носителот на набавката ќе му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,1% од вкупната вредност на договорот, за секој час/ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на договорот.

(2) Во случај на став 1 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

(3) Доколку Носителот на набавката не ги изврши обврските совесно и навремено, Договорниот орган ќе пристапи кон раскинување на договорот и нема обврска за финансиски надомест за сработеното.

## X. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

**Член 13**

(1) Гарантниот период за стоката што е предмет на овој договор изнесува 1 (една) година сметано од денот на на потпишувањето на записникот за примопредавање на предметот на набавката од страна на двете договорни страни.

(2) Со испорачување на предметот на договорот, носителот на набавката е должен да достави гаранција - гарантни листови и тоа со утврдениот гарантен рок во понудата прифатена од договорниот орган.

(3) Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период без надоместок ќе ги отстрани сите технички недостатоци на испорачаната стока кои настанале при нејзиното нормално користење и тоа на локација на договорниот орган доколку дефектот не може да се отстрани на лице место и тоа во рок не подолг од 15 (петнаесет) денови.

(4) Носителот на набавката се обврзува во гарантниот период без надоместок да изврши замена на стоката или на делови од предметот на договорот што договорниот орган ќе ги рекламира.

## XI. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 14**

Двете договорни страни се обврзуваат дека, на датумот на влегување во сила на договорот, нејзините директори, службеници или вработени, нѐ понудиле, ветиле, дале овластување, побарале или прифатиле каква било непотребна парична или оствариле друга предност од каков било вид (или имплицирале дека ќе направат или би можеле да сторат такво нешто во кое било време во иднина) на кој било начин поврзан со овој Договор и дека презеле разумни мерки за да спречат нивни подизведувачи, од нив ангажирани лица или кои било трети страни, кои се под нивно влијание, да го сторат тоа.

**Член 15**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор и потврдуваат дека нивните вработени, раководители или било кои нивни посредници немаат дадено, ветено или прифатено било каква парична исплата или друг вид на услуга или незаконска добивка или корист во врска со преговарањето/склучувањето на овој договор, ниту тоа ќе го сторат во иднина.

**Член 16**

Договорните страни се согласни дека, во секое време во врска со текот на Договорот и потоа, ќе се придржуваат и дека ќе преземаат разумни мерки за да бидат сигурни дека нивните подизведувачи, од нив ангажирани лица или трети страни, кои се под нивно влијание, дека ќе бидат во согласност со следниве одредби:

1) Договорните страни ќе го забранат следното однесување во секое време и во која било форма, со државни и јавни службеници на меѓународно, национално или локално ниво, политичка партија, партиски службеници, кандидати за јавна функција или директорска позиција, лице со функција или вработен во некоја од Договорните страни, без разлика дали во ова однесување се вклучени директно или индиректно, вклучително и преку трети лица, и тоа:

- Поткуп е понуда, ветување, давање, одобрување или прифаќање на било каква непотребна парична или друга предност, од или за кое било од лицата наведени погоре или за кој било друг, со цел да се добие или задржи деловна активност или друга несоодветна предност, во врска со доделување на договор за набавка, регулаторни дозволи, оданочување, царина, судска и законодавна постапка. Поткупот често вклучува:
  1) враќање на дел од исплатеното од склучен договор, на владини или партиски службеници или вработени во другата договорна страна, нивни блиски роднини, пријатели или деловни партнери или

2) Користење посредници, како што се агент, подизведување, консултанти или трети страни, за канализирање на исплати на владини или партиски службеници или на вработени во другата договорна страна, нивни роднини, пријатели или деловни партнери.

- Изнуда или барање нешто од интерес што се смета за барање мито, без разлика дали е поврзано или не со закана и ако барањето се одбие. Секоја страна ќе се спротивстави на било каков обид за изнуда или барање

охрабрува да ги пријави ваквите обиди преку достапни формални или неформални механизми за известување, освен за таквото известување не се смета дека е контрапродуктивно на околностите.

- Тргување со влијание кое преставува нудење или барање да се оствари незаслужна предност, преку извршување неправилно, вистинско или претпоставено влијание, со цел да се добие од јавен службеник незаслужена предност за вистинскиот поттикнувач на делото или за кое било друго лице
- Перење на приходите од коруптивните практики кое преставува прикривање или камуфлирање на недозволено потекло, извор, локација, располагање, движење или сопственост на имот, знаејќи дека таквиот имот е приход или кривично дело. „Корупција" или „Коруптивни практики" како што се користи во оваа клаузула за борба против корупцијата вклучува мито, изнуда или барање од интерес, тргување ос влијание и перење на средствата од приходи од овие практики.

3) Во однос на трети страни, предмет на контрола или утврдување на влијание на една страна, вклучително и неограничувајќи се на агенти, консултанти за развој на деловни активности, преставници на продажба, царински агенти, општи консулатнти, преговарачи, подизведувачи, франшери, адвокати, сметководители или слични посредници, постапувајќи во име на договорните страни во врска со маркетинг или продажба, договарање на договори, добивање на лиценци, дозволи или други овластувања или какви било други активности што имаат корист од страната или како подизведувачи во синџирот на снабдување, договорните страни не треба да ги упатуваат, ниту да се ангажираат, ниту дека ќе толерираат впуштање во било какво дело на корупција, да не ги користат како канал за каква било коруптивна пракса ангажирајќи ги само во оној степен што е соодветен за редовно водење на деловната активност на договорната страна и да не им плаќаат повеќе од соодветна награда за нивните легитимно извршени услуги.

Доколку Договорната страна како резултат на користењето на договорно обезбедена ревизија, доколку ја има, од сметководтвените книги и финансиската евиденција на другата договорна страна или на друг начин донесе доказ дека втората страна учествувала во материјални или неколку повторени прекршувања на ставот (1), точките 1) и 2), таа соодветно ќе ја извести втората страна и ќе побара од таа страна да ги преземе потребните мерки за поправка во разумен рок и да ја информира за таквото дејство. Доколку втората страна не ги преземе неопходните мерки за поправка или ако таквите мерки за поправка не се можни таа може да се повика на одбрана со докажување дека во моментот кога се појавиле доказите за повреда, таа воспоставила соодветни антикорупциски превентивни мерки, како што е опишано во членот 10 од правилата за борба против корупцијата на Интернационалната стопанска комора до 2011 година, прилагодени на нејзините посебни околности и способни да откриваат корупција и да промовираат култура на интегритет во нејзината организација. Доколку не се преземат мерки за поправки или според случајот одбраната не се повикува ефективно на ефективно остранување на повредите, првата договорна страна може по своја дискреција да одбере да го суспендира или раскине договорот при што се подразбира дека за сите износи извршени до време на прекинот или раскинувањето на договорот ќе постојат како обврска за исплата колку што тоа го дозволуваат важечките закони и други позитивни прописи.

Секој субјект без разлика дали е арбитражен суд или друго тело за одлучување на спорови, кое донесува одлука во согласност со одредбите за решавање на спор произлезен од овој договор, ќе има овластување да ги утврди последиците од договорот од какво било наводно непочитување на оваа антикорупциска клаузула на интернационалната стопанска комора.

## XII. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВА И ОБВРСКИ

### Член 17

(1) Носителот на набавката не може да ангажира под-изведувачи, да ги пренесе, продаде или на друг начин да се ослободи од своите обврски и права што произлегуваат од овој договор без претходно писмено одобрување/ согласност од страна на договорниот.

(2) При евентуална промена на сопственоста, носителот на набавката е обврзан благовремено да го запознае идниот сопственик/ци со овој Договор и да му ги предочи сите права и обврски кои произлегуваат од договорот, а кои согласно позитивните законски прописи во РСМ се пренесуваат и на новиот сопственик/ци, за целото

времетраење на Договорот и за промената на сопственоста веднаш, но не подоцна од 8 (осум) дена од промената да му прати на договорниот орган официјално известување кое ќе содржи податоци за основот на промена на сопственоста и податоци за новиот сопственик .

## XIII. ОБВРСКА ЗА ЗАШТИТА НА ДОВЕРЛИВОСТА

**Член 18**

(1) Договорните страни се согласни дека овој Договор и сите услови, податоци и информации поврзани со овој Догоовр се сметаат за доверливи информации и деловна тајна.

(2) Доверливите технички, финансиски и деловни информации во врска со овој Договор, се сите оние кои во форма на усно откривање и/или документи, спецификации или други податоци се разменети меѓу Догооврните страни за целта на овој Договор, без разлика дали тие се прикажани во електронска или хартиена печатена форма и кои се во сопственост на страната која ги открива информациите (во понатамошниот текст "Доверливи информации и деловна тајна" ).

(3) Страна која прима информации ќе: (а) ги чува доверливите информации и деловна тајна во тајност и ќе обезбеди пристап до такви информации само на оние вработени кои (i) имаат потреба да знаат (ii) имаат склучено договор за доверливост и кои се разумно квалификувани за заштита на доверливи или класифицирани информации и ќе забрани нивно неовластено откривање, и (б) нема да открива доверливи информации и деловна тајна добиени согласно овој договор на било која трета страна, без претходно писмено одобрение од страната сопственик на информациите.

(4) Обврската на Договорните страни да ги сочува како доверливи информации и деловна тајнате како што е утврдено во овој Договор истекува пет (5) години по денот на објавување на специфичните доверливи информации и деловна тајна. Обврските за доверливост од овој договор ќе ги надминат роковите на траењето на овој Договор или било кое негово предвремено раскинување.

(5) Овој договор се однесува на доверливи информации и деловна тајна кои се откриени помеѓу ефективниот датум на стапување на сила на Договорот и пет (5) години потоа.

(6) Страната која ги примила доверливите информации и деловна тајна, ќе ги заштити откриените доверливи информации и деловна тајна со исто ниво на заштита каков што самата користи за да ги заштити своите доверливи информации и деловна тајна од слична природа, но во никој случај не помалку од разумен степен на грижа и заштита за спречување на неовластено користење, дистрибуирање, или објавување на доверливите информации и деловна тајна.

(7) Овој Договор не наметнува никаква обврска за Страната која ги примила доверливите информации и деловна тајна во однос на доверливите информации и деловна тајна кои: (а) биле законски во нејзино владение пред тие да ги прими од Страната сопственик на информациите (б) се или стануваат предмет на јавно знаење без вина на Страната која ги примила информациите; (в) се објавени од Страната сопственик на информациите на трети лица без обврска за доверливост од третите лица; (г) се објавени по налог од страна на надлежен суд при што се дава соодветно писмено известување до Страната сопственик на информациите пред таквото обелоденување за да и се овозможи на таа страна да бара налог за ограничување или исклучување на таквото откривање, или (д) се откриени од Страната која ги приила информациите со претходна писмена согласност од Страната која е сопственик на информациите.

(8) Секое прекршување или закана за прекршување на обврската за доверливост од несовесната договорна страна и дава право на другата страна да покрене соодветна судска постапка за надомест на предизвиканата штета.

(9) Сите материјали кои содржат доверливи информации и деловна тајна по основ на овој Договор, вклучувајќи, но без ограничување, сите копии (електронски и хартиени), како и извадоци од било кој вид, ќе бидат вратени или уништени по истекот на важноста, предвременото раскинување на овој Договор или на писмено барање на страната што објавува податоци заедно со гаранција на комплетноста на вратените и/или уништените предмети/материјали.

## XIV. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 19**

(1) Носителот на набавката се обврзува дека при извршување на предметот на набавакта, со личните податоци ќе постапува во согласност со упатствата добиени од страна на договорниот орган, при што задолжително:

- Личните податоци во постапката на реализација на предметот на набавката ќе ги обработуваат единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци, почитувајќи ги начелата за заштита на личните податоци;
- Ќе применува соодветни технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци на ниво кое е во согласност со прописите на заштитата на личните податоци;
- Личните податоци кои ќе ги обработуваат во текот на реализацијата на овој договор за јавна набавка нема да ги откриваат на трети лица или објавуваат;

(2) За податоците кои ќе ги обработуваат при реализација на овој договор за јавна набавка ќе обезбедат заштита од случајно, намерно или незаконско уништување или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, како и заштита при нивниот пренос од било какви незаконски облици на обработка.

## XV. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 20

(1) Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

(2) Договорот се склучува во времетраење од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето на договорот, односно до целосна реализација на вредноста на договорот, во зависност кој од условите прв ќе се исполни, при што договорниот орган ќе нарачува од ставките на понудата согласно потребите на договорниот орган, во рамките на буџетот во тек на времетраење на Договорот.

## XVI. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 21

Овој договор може да се раскине со согласност на договорните страни.

### Член 22

(1) Овој договор може да се раскине и еднострано од страна на договорниот орган поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор,како и поради неквалитетно вршење на работите утврдени во Договорот

(2) Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

(3) Договорот се смета за раскинат со истекот на 30 (триесет) дена од денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

(4) Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на договорната казна, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 23

(1) Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

(2) Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

(3) Ако носителот на набавката не ја исполнил својата обврска во рокот утврден во овој договор или не ја исполнил ниту во дополнителниот рок кој бил даден од договорниот орган, договорниот орган може да го

договорот.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 24**

(1) Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор заради виша сила.

(2) Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови, епидемии, пандемии и сл.).

(3) Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

(4) Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

(5) За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

(6) Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

(7) По отстранувањето на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине догоровот.

## XVIII. ИЗВЕСТУВАЊА

**Член 25**

Сите пораки, предупредувања или известувања помеѓу договорните страни ќе се сметаат валидно испратени доколку се доставени во писмена форма потпишана од овластените лица, на адресите наведени во овој Договор, до овластените и назначените контакт лица за реализација на договорот наведени наведени во Прилог бр.3 кон овој Договор. Страна која ја менува адресата е обврзана да и испрати на другата Страна писмо или напомена за деталите на новата адреса. Се до приемот на такво писмо или напомена, сите пораки, предупредувања или покани испртени на старата адреса ќе се сметаат за уредно доставени.

## XIX. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 26**

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

**Член 27**

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

## XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено, во писмена форма, со склучување анекс на договорот потпишан од овластените лица на договорните страни.

**Член 29**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 30**

Сите спорови кои ќе настанат во текот на работата, странките ќе се обидат да ги решат спогодбено, во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 31**

За сѐ што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

**Член 32**

(1) Овој Договор претставува целина која ги вклучува следните Прилози кои се негов составен дел:

- ПРИЛОГ 1: Листа на цени за Дел 1- Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)
- ПРИЛОГ 2: НАЗИВ, АДРЕСИ И ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

(2) Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 1 (еден) примерок за носителот на набавката.

**Член 33**

Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци од кои 2 (два) примерока за договорниот орган и 1 (еден) примерок за носителот на набавката.

| **Договорен орган:** | **Носител на набавка:** |
|---|---|
| **Оперативно-техничка агенција Скопје** | **Филаделфија ДООЕЛ, Кочани** |
| **Директор** | **управител** |
| **Зоран Анѓеловски** | **Горанчо Стојановски** |

Изработиле:Главен советник во Одделение за управување со човечки ресурси и други правни работи
Контролирал: Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси и други правни работи
Одобриле: Раководител на Сектор за општи и заеднички работи
Државен советник за општи и заеднички работи

**Прилог 1- Листа на цени за ДЕЛ 2 - Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)**

| **Ред. Бр.** | **Опис** | **Единица мерка** | **Количина** | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **7** | **8** |
| 1 | Апарат за топла и ладна вода (диспанзер)<br>Апаратот да поддржува - температура на студена вода од 5 степени до 15 степени<br>Температура на топла вода од 80 степени до 95 степени<br>Антибактериски галон со капацитет 10 литри<br>Гаранција минимум 12 месеци | парче | 4 | 8000 | 32000 | 5760 |
| | Вкупно понудена цена без ДДВ 32000<br>Со зборови триесет и две илјади денари | | | | 32000 | |

** Во случај на евентуално несовпаѓање помеѓу податоците во овој Прилог, ќе преовладува важноста на и податоците во Тендерската документација и техничките спецификации со арх.бр. 05-401/2 од 03.08.2022 година и Понудата на носителот на набавката доставена преку ЕСЈН на 07.08.2022 година во 18:46 часот.

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

Договорен орган:
Оперативно-техничка агенција Скопје
директор
Зоран Ангеловски

Носител на набавка:
Филаделфија ДООЕЛ Кочани
управител
Горанчо Стојановски

ПРИЛОГ 2 – НАЗИВ, АДРЕСИ И ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

| ЗА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН: | |
|---|---|
| Назив: | Оперативно-техничката агенција Скопје |
| Адреса за достава на фактури и писмена | ул. „Орце Николов" број 48, поштенски фах 236, 1000 Скопје |
| Овластено лице на договорниот орган/потписник | директор |
| Назначено лице за административно-правни работи | **Лаура Жута**<br>Телефон за контакт: 07282080<br>e-mail адреса: laura.zhuta@ota.mk |
| Назначено контакт лице за реализација на договорот | **Анастас Ефремов**<br>Телефон за контакт: 0728000002<br>e-mail адреса: aleksandar.davidovski@ota.mk |

| ЗА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА: | |
|---|---|
| Назив: | ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ-Кочани |
| Адреса за достава на фактури и писмена | Ул. Д-р Николич бр.1 Кочани |
| Овластено лице на носителот на набавката/потписник | управител |
| Назначено контакт лице за реализација на договорот | **Горанчо Стојановски**<br>Телефон за контакт: 033-279-654<br>078-344749<br>e-mailадреса: filade2002@mt.net.mk |

Договорен орган:
Оперативно-техничка агенција Скопје
директор
Зоран Ангеловски

Носител на набавка:
Филаделфија ДООЕЛ, Кочани
управител
Горанчо Стојановски